РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1155/10
22-06-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1155/1 од 12.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1155/1 од 12.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1155/1 од 12.03.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ___________ по избори и по престанок на функцијата директор на _________________________-Скопје.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _______________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор и од денот на престанок на функцијата директор на __________________Скопје, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 и член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со што сторила прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 и член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде два прекршочни платни налози со бр.08-1155/5 и 08-1155/7 од 24.04.2026 година и истиот уредно ги достави до сторителот на прекршокот кој ги примил и потпишал на 30.04.2026 година. Сторителот во рок од осум дена од денот на приемот на налозите го платил износот на глобата за прекршоците и достави доказ за извршената уплата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: Член/Anëtar
m-r S. D.